**Известување за концентрација со која ГР.Сарантис С.А. Грција, ќе стекне контрола над определен имот во сопственост на: ПЗ Кусон (Интернешнал) Лимитед, Обединето Кралство и ПЗ Кусон Полска С.А., Полска.**

**(предмет бр. 08-73/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 26.08.2019 година, а дополнето на 29.08.2019 година и на 30.08.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на контрола од страна на ГР.Сарантис С.А. (GR. Sarantis S.A.), со седиште на адреса ул. "Амарусиу – Халандриу" бр. 26, 15125 Маруси, Атина, Грција над определен имот во сопственост на: ПЗ Кусон (Интернешнал) Лимитед, (PZ Cussons (International) Limited), со седиште во Манчестер, Манчестер Бизнис Парк, 3500 Авиејтор Веј, М22 5ТГ, Обединето Кралство и ПЗ Кусон Полска С.А. (PZ Cussons Polska S.A), со седиште на ул."Чочимска" бр. 17, 00 – 791, Варшава, Полска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ГР.Сарантис С.А., Грција**, котира на Берзата во Атина уште од 1994 година и е матично друштво на Групацијата на трговски друштва Сарантис (Групација Сарантис). Групацијата Сарантис се занимава со производство и дистрибуција на следниве категории производи: козметика за широка потрошувачка (производи за лична нега), производи за домаќинство (вклучувајќи производи за професионална употреба), производи за нега и здравје (витамини, додатоци во исхрана, сетови за тестирање, фармацевтска козметика) и луксузна козметика (парфеми, козметика за нега на лице и шминка).Групацијата Сарантис има едно поврзано лице во Република Северна Македонија: Друштво за трговија Сарантис-Скопје експорт-импорт ДООЕЛ со седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр.113 Скопје и со дејност: трговија на големо со парфимериски и козметички препарати.
Имотот кој се купува, а е во сопственост на: ПЗ Кусон (Интернешнал) Лимитед Обединето Кралство и ПЗ Кусон Полска, Полска се состои од средства поврзани со маркетинг и продажба на производи од трговската марка Луксја, заедно со сите права поврзани со тие средства. Во Република Северна Македонија, имотот кој се купува има ограничена продажба во финансиската година 2018/19.

Според подносителот на известувањето, предметната концентрација потенцијално се однесува на пазарите за производи за капење и за туширање во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.09.2019 година
Скопје